Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Пецо Трајчевски од Ресен УП2 09-350/23 од 1 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-603 од 13 ноември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-603 од 13 ноември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пецо Трајчевски од Ресен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-350/23 од 1 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-603 од 13 ноември 2023 година на КЕЦ Охрид, издадено поради непостоење на технички услови за пумпа за наводнување.

Според Електродистрибуција - најблиската (монофазна) приклучна точка од парцелата на барателот е на 220 метри од постоечката нисконапонска мрежа, додека најблиската трифазна приклучна точка е на 270 метри од парцелата. Во близина на парцелата на барателот не постојат други потенцијални баратели на приклучок. Оптеретеноста на трафостаницата (ТС Долно Перово 2 – 100kVA – 120853) е 33,58%.

Дополнително, доколку се издаде Решение за согласност за приклучок, за реализација на приклучокот неопходно е реконструкција на дел од надземната нисконспонска мрежа (промена на два дрвени столбови од кои, еден А3 и еден бетонски носив).

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 4 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-350/23 од 1 декември 2023 година со прилог:

-Приговор

-Потврда за потреба од пумпа за наводнување на земјиште

-Барање за согласност за приклучок
-Имотен лист
-Приговараното Решение
-Извештај за пад на напон во мрежата
-Слики

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, од парцелата до најблиската приклучна точка има околу 270 метри, а во близина нема потенцијални баратели на приклучок.

Согласно член 35 став (1) точка 2), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–350/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**